# *ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК*

***дипл.економист: Ромео Костадинов***

## ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА Е-ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД

*Електронска пресметка и уплата на ПДД, отпочнува со 01.01.2018 година и се однесува за видовите исплати кои подлежат на ПДД согласно законот, но и за исплатите на собирачите на шумски плодови, кои се ослободени од ПДД.*

### *ВОВЕД*

Со измените на Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на РМ“ 190/2017), од 1 јануари 2018 година се воведе нова процедура за пресметување и плаќање на обврските за персонален данок на доход (ПДД).

Пресметувањето на ПДД, ќе се врши со поднесување на Електронска пресметка за приход и данок (е-ППД) до УЈП, преку новиот систем “е-Персонален данок”, e-pdd.ujp.gov.mk.

Обврска да поднесуваат Електронска пресметка за приход и данок (е-ППД), согласно член 77 од Законот, имаат:

• Правни лица и СВД, кои водат деловни книги како исплатувачи на приходи;

- кога исплаќаат приходи по сите основи на физички лица – резиденти и нерезиденти на РМ, освен за исплата на плата на вработени лица.

• **Физички лица-резиденти,** кои остваруваат приходи од други физички лица и приходи од странство, освен за приходи од вршење на самостојна дејност;

• Физички лица-нерезиденти, кои остваруваат приходи од други физички лица во РМ.

## *1. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПДД*

Пресметката на ПДД се врши согласно Законот за ПДД (“Службен весник на РМ” 80/93...190/17) кој, се плаќа годишно на збирот на нето приходите, освен на приходите иземени од оданочување со законот.

Доходот што подлежи на оданочување, согласно одредбите од **член 3** од Законот, го сочинуваат следниве видови приходи, остварени во земјата и во странство:

1) лични примања;
2) приходи од самостојна дејност;
3) приходи од продажба на сопствени земјоделски производи;
4) приходи од имот и имотни права;
5) приходи од авторски права и права од индустриска сопственост;
6) приходи од капитал;
7) капитални добивки;
8) добивки од игри на среќа и други наградни игри и
9) други приходи.

На оданочување подлежат сите наведени приходи што се остварени во пари, хартии од вредност, во натура или во некој друг вид.

*Даночен период за кој се утврдува данокот на доход претставува календарската година*.

На дел од приходите од член 3 на Законот, во текот на годината се пресметува **аконтација** на данокот на доход, што се наплатува **по одбивка** од секој приход **или** врз основа на **Решение** на органот за јавни приходи, освен ако не е поинаку определено со Законот за персонален данок.

Износот на платен данок, како аконтација, се одбива од пресметаниот годишен данок на доход, а **олеснувањата** се признаваат во износ, во кој се **одобрени** при **аконтативно прес-метување**.

### *1.1. Аконтација која ја пресметува и плаќа исплатувачот*

Со последните измени во законската регулатива, покрај обврската за аконтативното пресметување на ПДД од страна на исплатувачот, се воведува обврска за аконтативно пресметување на ПДД од страна на примателите на приходот.

Согласно член 75 и 95-од Законот, исплатувачот на лични примања и на други приходи, на кои аконтацијата на данокот се плаќа по одбивка, е должен запрениот данок да го уплати, при секоја поединечна исплата на граѓанско (физичко) лице.

Аконтацијата на персоналниот данок на доход по одбивка, се пресметува и плаќа, на следните видови приходи:

1. лични примања;
2. приходи од продажба на сопствени земјоделски производи;
3. приходи од авторски права и права од индустриска
4. сопственост;
5. приходи од капитал;
6. приход од имот и имотни права, ако исплатувачот на
7. приходите води деловни книги;
8. добивки од игри на среќа и други наградни игри и
9. други приходи.

Со измените од 01.01.2018 година, на групата приходи на кои аконтацијата се плаќа по одбивка (при секоја исплата на приходот на физичкото лице, од страна на правен субјект), им се приклучуваат и приходите од продажба на сопствени земјоделски производи, кои заклучно со 31.12.2017 година, се оданочуваа по основ на Решение.

Карактеристично за пресметките на аконтациите за персоналниот данок на доход, е што се изведуваат врз основа на параметрите, како даночна основица во нето или бруто износ со пресметковна даночна стапка или пропишана стапка.

Исто така, во зависност од утврдените даночни ослободувања, се применуваат пресметани коефициенти за директно пресметување или по пат на пресметувањето на ослободувањето од бруто износот на основицата.

### *1.2. Аконтација која ја пресметува примателот на приходот*

Аконтацијата на данокот на доход, што ја пресметува обврзникот (примателот на приходот), се плаќа за следниве приходи:

1) приходи од имот и имотни права, остварени од издавање под закуп или подзакуп на физички лица;

2) капитални добивки;

3) приходи остварени од странство, лични примања од дипломатски, односно конзуларни претставништва на странски држави, кај претставници и службеници на такви претставништва кои имаат дипломатски имунитет и за кои даночниот обврзник сам го утврдува и уплатува данокот и други приходи кои не се сметаат за приходи на физичките лица од членот 3 точки 1), 2), 3), 4), 5), 6), 7) и 8) од законот и

4) приходи од продажба на сопствени земјоделски производи на физички лица, надвор од продажни места на зелени пазари.

Аконтациите на данокот на доход за напред наведените приходите се пресметуваат по стапка од 10%.

Аконтацијата на данокот на доход за приходите од вршење на самостојна дејност, кои се оданочуваат според вистински доход во тековната година, ја пресметува даночниот обврзник, врз основа на податоците од годишниот даночен биланс за претходната година.

Доколку се изменат значајно условите под кои е утврдена аконтацијата на данокот на доход, обврзникот може да бара промена на аконтацијата, односно органот за јавни приходи може во согласност со новите околности, да утврди нова аконтација, согласно член 86 од Законот.

## *2. ИСПЛАТУВАЧИ НА ПРИХОДИ И ИЗВЕШТАИ ЗА Е-ПДД*

Со воведувањето на Електронската пресметка (е-ППД), за исплатувачите на приходи, правните лица и СВД, кои водат деловни книги, се укинува обврската за издавање на збирен, годишен податок за вкупно платената аконтација.

Укинувањето се однесува за исплатите што ќе ги вршат исплатувачите на приходи од 01.01.2018 година, додека за исплатите извршени до 31.12.2017 година, обврската останува.

Согласно Законот за ПДД, исплатувачот на приходи, пред секоја исплата на приходите на кои аконтацијата на данокот се плаќа по одбивка, е должен до органот за јавни приходи да достави пресметка за бруто приходот, одбитоците, пресметаниот данок по одбивка и нето приходот за исплата, за секој обврзник поединечно.

По исклучок, исплатувачите на добивки од посебните игри на среќа, се должни до органот за јавни приходи да достават пресметка за бруто приходот и пресметаниот данок по одбивка за секој обврзник поединечно, кој остварил добивки од посебните игри на среќа, најдоцна наредниот ден, по денот на исплатата на приходот.

Пресметката за приходите за кои аконтација се плаќа по одбивка и кај приходи од посебните игри на среќа, се доставува по пат на пренос на податоци во електронска форма.

Пресметката ја одобрува органот за јавни приходи, пред да се изврши плаќањето на данокот и исплатата на нето приходот, кај носителот на платниот промет.

Начинот на пресметка и уплата на аконтациите на персоналниот данок на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за приход и данок ги пропишува министерот за финансии.

По исклучок, обврзникот за пресметка и уплата на персоналниот данок од плата, надоместок на плата и исплата по основ на деловна успешност на работодавачот е должен пресметката да ја врши месечно, поединечно за секој обврзник за плаќање за соодветниот месец и податоците за пресметана плата или дел од плата, надоместок на плата и исплата по основ на деловна успешност да ги доставува до органот за јавни приходи, најдоцна

до десетти во тековниот за претходниот месец по електронски пат, на образец пропишан со Правилникот за начинот на пресметка и уплата на придонесите од задолжително социјално осигурување.

Исплатувачот од членот 76 од законот е должен на обврзникот **при секоја исплата** да му издаде примерок од пресметката за аконтацијата на данокот и платените придонеси.

Органот за јавни приходи по службена должност прибавува податоци од други субјекти, кои се од значење за утврдување на данокот, а се однесуваат на остварени приходи на физички лица.

Покрај укинувањето на годишната обврска за збирниот податок за вкупно платената аконтација, се укинува обврската за исплатувачите на приходи за поднесување на годишните извештаи ПДД-ГИ, ПДД-ГИ/ОЗП, ПДД-ГИ/ОЦО и месечните извештаи ПДД-МИ/ИС.

Со воведувањето на Електронската пресметка (е-ППД), граѓаните за приходите кои подлежат на оданочување, а се остварени во земјата и во странство, почнувајќи од 01.01.2018 година, немаат повеќе обврска за поднесување на Аконтативни даночни пријави ПДД-АДП/ПИ, ПДД-АДП/КД и ПДД-АДП/ДП.

### *2.1. Постапки за поднесување на Електронска пресметка (е-ППД), за оданочиви приходи*

Регистрираните обврзници на е-Даноци, истовремено стануваат корисници на системот е-Персонален данок и за истите не постои потреба од дополнителни пријавувања или поднесоци.

Пример, претходно извршената регистрација на системот е-Даноци https://etax-fl.ujp.gov.mk за цели на поднесување даночни биланси за данок на добивка / персонален данок на доход и ДДВ пријави, истовремено означува и завршено регистрирање и на системот е-Персонален данок е-pdd.ujp.gov.mk.

Електронските пресметки е-ППД преку системот e-pdd.ujp.gov.mk во име на физичкото лице даночен обврзник, ќе ги поднесува физичкото лице кое е овластено за потпишување за вид данок ПДД, во системот е-Даноци.

**НАПОМЕНА:** За сите корисници на системот е-Даноци кои се веќе регистрирани до 31.12.2017 година, Управата за јавни приходи автоматски ќе ја пренесе регистрацијата и во системот е-Персонален данок.

Единствена обврска за овластеното физичко лице за потпишување за ПДД, по најавата на системот е-Персонален данок со корисничкото име и лозинката од е-Даноци, е да го преземе дигиталниот сертификат.

Пред секоја исплата на приход на физичко лице (резидент или нерезидент), задолжително се поднесува Електронска пресметка (е-ПДД).

Во категоријата за поднесување на е-ПДД, влегуваат граѓаните на кои правен субјект им исплатува приходи, по основ на (според видови на шифри во е-ПДД):

**1. Плати, други лични примања по основ на работен однос и пензии:**

1.4 Пензиски надоместок по основ на доброволно пензиско осигурување;

**2. Дополнителни примања и надоместоци на трошоци на вработени лица на кои не се платени придонеси и други лични примања на невработени лица:**

2.1 Приходи кои подлежат на оданочување со ПДД - регрес за годишен одмор;

2.2 Приходи кои подлежат на оданочување со ПДД - други приходи;

2.3 Приходи кои не подлежат на оданочување со ПДД (се користи во случај на исплата на приходи кај кои постои праг на ослободување од ПДД-пример користење сопствено возило за службени цели до износот од 3.500 МКД);

2.4 Други лични примања на невработени лица;

**(3.1) Примања на членови на органи на управување и органи на надзор во трговски друштва;**

**(4.1) Примања на функционери, пратеници, советници и други носители на јавни функции;**

**(5.1) Надоместоци за работа на судии поротници, вешти лица и стечајни управници;**

**(6.1) Надоместоци на членови на МАНУ;**

**7. Примања по основ на договор за повремено или привремено вршење на услуги:**

7.1 Примања по основ на извршени консултантски услуги;

7.2 Примања по основ на извршени интелектуални услуги;

7.3 Примања по основ на извршени други повремени или привремени услуги;

**8. Приходи од имот и имотни права (закупнини):**

8.1 Приходи од имот и имотни права, освен од издавање на опремени станбени и деловни простории;

8.2 Приходи од издавање на опремени станбени и деловни простории;

**9. Приходи од авторски права и права на индустриска сопственост:**

(од 9.1 до 9.7) Подвидовите на приходи од авторски права и права на индустриска сопственост се утврди според видовите на авторските права утврдени со Законот за персоналниот данок на доход за кои се применуваат различни стапки на одбитоци, како и подвид 9.8 со стварни трошоци (за права на индустриска сопственост).

**(10.1) Дивиденди и други приходи остварени со учество во добивката;**

**(11.1) Камати за заеми, обврзници и други хартии од вредност;**

**12. Добивки од игри на среќа и други наградни игри:**

12.1 Добивки од посебни игри на среќа;

12.2 Добивки од општи игри на среќа на кои се наплатува ПДД;

12.3 Добивки од општи игри на среќа на кои не се наплатува ПДД;

12.4 Добивки од посебни игри на среќа на неидентификувани нерезиденти;

**13. Други приходи:**

13.1 Приходи од откуп на корисен цврст отпад;

13.2 Други приходи;

**14. Приходи од земјоделски производи:**

14.1 Приходи од лековити билки и шумски плодови;

14.2 Приходи од други земјоделски производи.

**НАПОМЕНА:** За видовите приходи 4, 5 и 6, односно за подвидовите: (**4.1**) Примања на функционери, пратеници, советници и други носители на јавни функции, (**5.1**) Надоместоци за работа на судии поротници, вешти лица и стечајни управници и (**6.1**) Надоместоци на членови на МАНУ, електронска пресметка (е-ППД), може да се поднесе само за исплати на **физички лица-резиденти**.

### *2.2. Обврска за е-ппд за приходи за кои целосно или делумно нема обврска за пдд*

Со новопропишаниот начин на пресметка на ПДД, се манифестираат неколку специфични ситуации, според кои и за делумно ослободените приходи, се поднесува е-ПДД, согласно Упатството за користење на системот на е-ПДД од УЈП, но само, доколку станува збор **за исплати и на оданочив дел од надоместокот**.

Се мисли на надоместоци кои се оданочуваат доколку вкупниот износ на исплата на лицето е над пропишаниот износ, до кој надоместокот не подлежи на оданочување или пак се исплатува износ кој го надминува ослободениот ПДД.

Обврска за поднесување Електронска пресметка (е-ППД), пред исплата на приходи за кои целосно или делумно не е пропишана законска обврска за пресметување и плаќање на ПДД, се однесува на следните приходи, ***доколку вкупниот износ на исплата на лицето е над пропишаниот износ, кој не подлежи на оданочување односно над***:

- за надоместоци на трошоци од член 6 став (1) точка 6, надоместок на трошоци за службени патувања, за теренски додаток (сместување, исхрана) или одвоен живот од семејството на вработени лица, за исплата над најнискиот износ утврден со општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, односно за вработените во нестопанството во висина утврдена со прописите за органите на државната управа;

- за надоместоци на трошоци од член 6 став (1) точка 6-а), односно надоместоците на трошоците за користење на сопствен автомобил за потребите на работодавачот во висина од 30% од цената на литар гориво, што го користи автомобилот за секој изминат километар, за исплата над 3.500 денари месечно;

- за надоместоци на трошоци од член 6 став (1) точка 12, надоместок во случај на смрт на вработениот и на член на семејството, до пропишаниот износ;

***- за надоместоци на трошоци од член 6 став (1) точка*** 13, помош за претрпени штети од елементарни непогоди, за исплата над најнискиот износ утврден со општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, односно за вработените во нестопанството во висина утврдена со прописите за органите на државната управа;

***- за надоместоци на трошоци од член 6 став (1) точка*** 24, отпремнина која се дава при заминување во пензија за исплата над две просечни месечни нето плати по работник исплатени во РМ во последните три месеца; или

- ***за надоместоци на трошоци од член 6 став (1) точка*** 25 (надоместоци за службени патувања и други надоместоци од точката 6), надоместоци на трошоци за користење на сопствен автомобил за потребите на работодавачот, надоместок во случај на смрт на вработениот и на член на семејството, помош за претрпени штети од елементарни непогоди, отпремнина која се дава при заминување во пензија или еднократен надоместок во вид на испратнина заради трајно ангажирање на работниците), за исплата над пропишаниот ослободен износ од ПДД.

Надоместокот за претходно наведените, подлежи на обврска за исплата преку е-ПДД, доколку вкупниот износ на исплата на лицето **е над пропишаниот износ,** кој не подлежи на оданочување;

-- откуп на лековити билски и шумски плодови од физички лица (член 6 став (1) точка 21-б од Законот), кои треба да се вклучат во вкупниот износ на приходи од земјоделска дејност на физичкото лице, при утврдувањето на правото на физичкото лице на враќање на платен данок; и

-- добивки од општи игри на среќа во износ до 5.000 денари (член 55 став (1) од Законот).

За исплата на приходи на физички лица по основ на откуп на земјоделски производи, од 01.01.2018 година персоналниот данок на доход се пресметува и плаќа по одбивка, едновремено со исплатата на приходот на физичкото лице, а основица е исплатениот приход намален за 80% признати трошоци.

Електронска пресметка (е-ППД) се поднесува пред исплата на приходот од продажба на земјоделски производи на физичкото лице.

Приредувачот на посебни игри на среќа, Електронската пресметка (е-ППД) ја поднесува следниот работен ден, за добивките од игрите на среќа, исплатени претходниот работен ден.

## *3. НАЧИН НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКА ПРЕСМЕТКА (Е-ПДД)*

Електронската пресметка (е-ПДД) се поднесува за повеќе физички лица, за исти или за различни видови и подвидови приходи на кои треба да се изврши исплата со еден налог за плаќање.

Податоците во е-ПДД се пополнуваат директно за секој примател на приход или со вчитување на податоци, претходно подготвени во XML структура.

Шемата на XML структурата е поставена на најавната страна на системот е-Персонален данок. Доколку податоците вчитани од XML датотека имаат грешки, исправка на грешките може да се врши со рачен внес во формата за пополнување преку веб сервисот.

### *3.1. Идентификациони податоци (ЕМБГ-ЕДБ)*

Со внес на ЕМБГ на примателот на приходот, ***идентификационите податоци за истиот*** автоматски се појавуваат, при што не е неопходно примателот на приходот да е регистриран корисник на системот е-Персонален данок.

Доколку примателот на приходот не е запишан како даночен обврзник во Регистарот на даночни обврзници на УЈП, при внесот, системот ќе ве извести за грешка. Примателот на приходот поднесува Пријава за регистрација на даночен обврзник (образец УЈП-РДО), до надлежната даночна канцеларија на УЈП, со документ за идентификација за увид.

Ако примател на приходот е странско физичко лице (резидент на РМ или нерезидент), се внесува ЕДБ, доделен од УЈП.

По внесот на податоците се врши избор на видот и подвидот на приходот кој се исплаќа на примателот. Системот нема да дозволи за примател – нерезидент (со доделен даночен број од УЈП) да ги изберете вид и подвид на приходи: од точки 4.1, 5.1 и 6.1, кои можат да бидат исплатени на лица резиденти на РМ.

### *3.2. Начин на исплата – друг или трансакциска*

При секое пополнување или поднесување на е-ПДД, неопходен е избор за начинот на исплата на приходот: „на трансакциска сметка" или „друг начин.

**„Друг начин"** на исплата се одбира при исплата во натура (на пр. давање на ствари како добивка од општи игри на среќа, исплати на вработените и невработени лица по основ на осигурување, закупнини и разни други лични примања кои ги надоместувате преку плаќање по фактури на други субјекти, кусоци за кои се задолжува лицето, дадени парични сретства на лицето на име материјални трошоци кои не се документирани и др.) или во хартии од вредност. Во ваков случај задолжително во полето „датум на исплата" се внесува датумот кога физичкото лице го примило или го прима приходот на друг начин.

При избор на начин на исплата „на трансакциска сметка", задолжително се внесува трансакциската сметка на примателот на приходот, како и **бруто износот на приходот** што се исплатува.

### *3.3.Определување бруто/нето за исплата*

За да се пресмета бруто износот за опреден вид или подвид на приход кој треба се внесува во поле „бруто / остварен приход" при познат нето износот за исплата, се користи помошната алатка „Калкулатор" во системот е-Персонален данок.

Во калкулаторот се бира видот/подвидот на приходот кој треба да се внесе во е-ППД, во полето „Нето износ" и се активира поле „Пресметај". Автоматски се добива бруто износот за видот/подвидот на приходот кој треба да го внесете во е-ППД.

Преку калкулаторот може да се пресмета и нето износот за исплата, тргнувајќи од бруто износот, за секој подвид на приход.

Како податок за основ на исплата се внесува слободен текст во полето „Забелешка на исплатувачот" (пр. број на договор, број на судска пресуда и слично).

Текстот внесен во полето „Забелешка на исплатувачот" се пренесува и прикажува во поединечниот налог за исплата на нето приходот на физичкото лице во „Повикување на број - одобрување".

### *3.4. Специфичности за одредени приходи*

#### *3.4.1. Приредувачи на посебни игри на среќа*

Приредувачите на посебни игри на среќа, задолжително го пополнуваат поле „датум на исплата", а не се внесува трансакциска сметка на примател на приход (добивки од посебни игри на среќа), бидејќи приходите се веќе исплатени.

#### *3.4.2. Исплати спрема нерезиденти кои немаат ЕДБ*

Во посебна е-ППД (за подвид 12.4) се внесуваат исплатите на физички лица-нерезиденти, за кои не е обезбеден податок за ЕДБ, издаден од страна на УЈП.

Истите се внесуваат со број на документот за идентификација (пасош) во полето за ЕМБГ на поле 12.4.

### *3.4.3. Авансни исплати*

Кај дополнителни примања од работен однос и надоместоци на трошоци на вработени лица на кои не се платени придонеси или други лични примања на невработени лица, како и за приходи од продажба на земјоделски производи, се случуваат авансни исплати, пред настанување на прометот.

Во таков случак во соодветното поле се внесува “***авансно исплатен износ на примателот на приходот”***. Во ваков случај, во збирниот налог и во поединечните налози за плаќање, износот на нето приходот за исплата на трансакциска сметка на примателот, ќе биде намален за авансно исплатениот износ.

### *3.4.4. Приходи од имот и имотни права – закупнини*

Кај приходи од имот и имотни права (закупнини), доколку е примена фактура со пресметан ДДВ од физичко лице, кое е регистран ДДВ обврзник, во полето „бруто / остварен приход” се внесува **фактурниот износ без ДДВ**, кој е даночна основа за ПДД, а во полето „ДДВ” **се внесува износот на ДДВ од фактурата**.

На пример, за добиена фактура во која е искажана 10.000 денари основица за ДДВ и 1.800 денари ДДВ, во е-ППД во полето „бруто / остварен приход” се внесува износот од 10.000 денари, а во полето „ДДВ” износот од 1.800 денари. Кај збирниот налог и поединечните налози се генерира налог за плаќање на ПДД, пресметан на основица 10.000 денари (која ќе биде намалена за признатите трошоци), како и налог за исплата на трансакциска сметка на закуподавачот, во кој ќе се вклучи и износот на ДДВ.

Системот на е-ПДД, под “бруто/остварен приход” го препознава бруто приходот како основица за ПДД, а не бруто приходот како износ на договорна обврска, за исплата.

### *3.4.5. Приходи на нерезиденти*

Кај исплатите на приходи на нерезиденти, не се внесува трансакциска сметка на примателот на приходот, затоа што исплатата се врши на нерезидентна сметка.

Во наведениот случај, во збирниот налог и во поединечните налози за плаќање, нема да биде вклучен износот на нето приходот на нерезидентот.

Задолжително се пополнува поле „**датум на исплата**”.

При постоење на одобрение од УЈП за користење на даночно олеснување или ослободување, според договорите за одбегнување на двојното оданочување, во соодветните полиња се внесува бројот и датумот на решението од УЈП за одобрување на даночното ослободување/олеснување, со што ПДД ќе биде пресметан по даночната стапка, одобрена во решението од УЈП.

**НАПОМЕНА**: Пред поднесувањето на е-ПДД за исплата на приход на нерезидент, преку системот е-Персонален данок, задолжително се поднесува Барање за ослободување од данок на доход (образец Б-ОДД), или до надлежната даночна канцеларија на УЈП во хартиена форма се поднесува Барање за олеснување, односно ослободување по видови на приходи (образец Б-ОДД-ВП), заверено од надлежен даночен орган од странската држава.

УЈП по поднесено барање во писмена или електронска форма, има обврска да го разгледа барањето и да донесе соодветно решение, кое ќе може да се види преку преглед на решенијата во системот е-Персонален данок, а даночното олеснување ќе може да се користи со впишување на бројот и датумот на решението во Електронската пресметка (е-ППД) за исплата на приходот на нерезидентот.

## *4. ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЧНАТА ОСНОВА И ДАНОКОТ ЗА УПЛАТА ПО ОДБИВКА*

По внесување на сите приходи за исплата преку една е-ППД, се врши затворање на Електронската пресметка (е-ППД).

Системот за секој примател на приход и вкупно на ниво на е-ППД, автоматски пресметува даночна основа, персонален данок на доход и нето за исплата, имајќи ги во предвид законски пропишаните одбитоци (признати трошоци), за избраните видови и подвидови на приходи.

### *4.1. Потврдување и потпишување на Електронска пресметка (е-ППД) од исплатувачот на приходот*

Доколку Електронската пресметка (е-ППД) е внесена коректно, истата треба да се потврди и потпише.

Електронската пресметка (е-ППД), ја потпишува физичкото лице со дигитален сертификат, кое е овластено за потпишување за вид данок ПДД во системот е-Даноци.

Системот ќе прикаже грешка со зацрвенување на секоја ставка во која има непотполни податоци или неточен ЕМБГ на прималелот на приходот, ЕМБГ на примател на приходот кој не е запишан како даночен обврзник во УЈП или неточна трансакциска сметка на примателот на приходот.

Во таков случај, не постои техничка можност за потврдување и потпишување на е-ППД, која е внесена со грешки.

### *4.2. Постапка на одобрување на Електронската пресметка (е-ППД) од страна на УЈП*

По приемот на е-ППД, преку системот e-pdd.ujp.gov.mk се вршат дополнителни автоматски контроли и УЈП ја одобрува поднесената е-ППД, доколку истата нема ставки со некоја од следните грешки:

- не постои парот ЕМБГ – трансакциска сметка; или
- трансакциската сметка на примателот на приходот е затворена.

За секоја одобрена е-ППД на е-пошта се добива известување, а преку системот е-Персонален данок може да пристапите до Рекапитулација за утврдување на аконтација на данокот на доход, која содржи Спецификација на пресметаните

бруто износи, одбитоци, аконтации на ПДД и нето износи за исплата по видови и подвидови на приходи.

За неодобрена е-ПДД, се добива известување на е-пошта, а преку системот е-Персонален данок може да се пристапи до Рекапитулација за утврдување на аконтација на данокот на доход, која содржи "Преглед на грешките во поднесената е-ПДД".

### *4.3. Налози за плаќање на ПДД по одбивка и за исплата на нето приходите на примателите*

За секоја одобрена Електронска пресметка (е-ПДД), како составен дел на Рекапитулацијата се добива - Збирен налог за плаќање на товар на сметката на еден налогодавач во полза на повеќе примачи (образец ПП 53), за вкупниот износ на нето исплати на сите приматели и вкупниот износ на ПДД по одбивка.

Истовремено, УЈП по електронски пат доставува до носителите на платен промет поединечни налози за плаќање, за исплата на нето приходот за секое физичко лице - примател на приход од е-ПДД и за износите на ПДД за уплата по уплатни сметки и општини.

#### *4.3.1. ПП 53 без износ на нето примање или намален износ за авансни исплати*

Во Збирниот налог ПП 53, како и во поединечните налози за плаќање, кои УЈП ќе ги достави до носителите на платен промет, нема да влезе износот на нето примањето на примателот на приходот, во следните случаи:

- ако приходот на примателот се исплаќа на друг начин, а не преку трансакциска сметка;

- ако примателот на приходот е нерезидент, кому приходот му го исплаќате на нерезидентна сметка; или

- ако приредувачот на посебни игри на среќа поднел е-ПДД за исплатени добивки од игри на среќа.

Исто така, во Збирниот налог ПП 53, како и во поединечните налози за плаќање, кои УЈП ќе ги достави до носителите на платен промет, нето износот за исплата на примателот ќе биде намален, доколку е пополнето полето за авансно исплатен износ.

За видовите приходи, кои не се оданочуваат со ПДД, збирниот налог ПП 53 и поединечните налози за плаќање ќе

опфаќаат само налози за исплата на нето на примателите на приходи.

За да се изврши исплата на нето примањата на примателите и уплата на ПДД по одбивка, се презентира кај носителот на платен промет збирниот налог за плаќање ПП 53 издаден од УЈП. Банката ги презема од УЈП по електронски пат, сите поединечни налози за плаќање.

**НАПОМЕНА**: Износот на збирниот налог за плаќање ПП 53 може да се плати само еднократно во цел износ, што значи дека сите поединечни налози за плаќање, се извршуваат едновремено.

*4.3.2. Рок на траење на ПП 53 за плаќање*

Доколку по поднесената Електронска пресметка (е-ППД), плаќањето на збирниот налог ПП 53 не се изврши во рок од 30 дена од поднесувањето на е-ППД, системот ќе ја отфрли пресметката е-ППД и ќе ги поништи издадените налози за плаќање.

Доколку сепак постои потреба да се изврши исплата на приходите по истекот на 30 дена од поднесената е-ППД, повторно се поднесува е-ППД.

**НАПОМЕНА**: За неплатени обврски за ПДД кои се доспеани за плаќање и се однесуваат за исплати на приходи на физички лица извршени пред 01.01.2018 година, плаќањето се врши со налогот за плаќање на јавни приходи (образец ПП 50). Во полето повикување на број (задолжување) се внесува даночниот период во облик ддммгггг-ддммгггг.

## *5. ИСПРАВКА НА ЕЛЕКТРОНСКА ПРЕСМЕТКА (Е-ППД)*

Корекција на било кој податок во поднесената Електронската пресметка (е-ППД), може да се врши сé додека не се изврши плаќање на збирниот налог ПП 53, со отфрлање на првоподнесената е-ППД, а корекцијата ќе биде валидна е-ППД по која ќе може да се изврши исплата на приходи на примателите и уплата на ПДД по одбивка.

Ако плаќањето е извршено на збирниот налог ПП 53, во поодделните ставки од е-ППД може да се врши корекција само на податокот за видот или подвидот на приходот. Не е дозволено

намалување на износот на нето приходот кој е исплатен на примателот.

За зголемување на износот на нето приходот, се поднесува нова е-ППД за дополнителниот износ за исплата.

За да се направи корекција на е-ППД, повторно се врши повикување на е-ППД во која се внесуваат корекции. Корекцијата на видот или подвидот на исплатениот приход, може да генерира разлика во бруто износот на приходот без промена на исплатениот, доколку има разлика во одбитоците (признатите трошоци).

### *5.1. Видови корекции*

За да се пресмета бруто износот за опреден вид/подвид на приход кој треба да се внесе во полето „бруто / остварен приход" во корекцијата на е-ППД тргнувајќи од исплатениот нето износ, се користи помошната алатка „Калкулатор" во системот е-Персонален данок.

Во калкулаторот се избира видот/подвидот на приходот кој треба да се внесе во корекцијата на е-ППД, во полето „Нето износ" со внесување на исплатениот нето износ и чекирање го полето „Пресметај". Автоматски се добива бруто износот за видот/подвидот на приходот кој треба да го внесете во корекцијата на е-ППД.

На пример, преку е-ППД за исплатен бруто износ 11.111 денари, односно нето износ 10.000 денари за подвид на приход 7.3 – примања по основ на извршени други повремени или привремени услуги, (без одбитоци кои ја намалуваат даночната основа), пресметан и платен ПДД од 1.111 денари. За да се корегира видот на исплатениот приход во подвид 13.2 – Други приходи (со одбитоци 35%), во калкулаторот се врши избор на вид 13 подвид 13.2, со внесување на исплатениот нето износ 10.000 денари. Автоматски се добива бруто износот 10.695 денари, кој треба да се внесе во полето „бруто / остварен приход" во исправката на е-ППД.

Како резултат на корекцијата на видот или подвидот на исплатениот приход со исправка (корекција) на е-ППД, може да настане разлика меѓу платениот ПДД по првоподнесената е-ППД

и пресметаниот ПДД во исправката на е-ППД, а во Рекапитулацијата по исправката на е-ППД ќе бидете известени за разликата која може да биде: износ на помалку платен ПДД, износ на повеќе платен ПДД или износ на ПДД за пренасочување од една на друга уплатна сметка.

За помалку платениот ПДД се генерира Збирен налог за плаќање, како составен дел на рекапитулацијата по исправката на е-ППД.

За повеќе платениот ПДД субјектот има право да поднесе Барање за враќање преку системот е-Персонален данок, наведувајќи го бројот на исправката на е-ППД од која произлегува повеќе платениот износ на ПДД.

За износот што треба да се пренасочи од една на друга уплатна сметка нема потреба да поднесувате барање за пренасочување, бидејќи пренасочувањето ќе се изврши автоматски (без донесување на решение од УЈП), а со издавање на информација преку промена на видот на вашата е-ППД од "делумно платена" (пред пренасочувањето) во "платена".

### *5.2. Корекции за исплати на погрешни лица или исплатени повисоки износи*

Доколку сте направиле грешка при исплатата на приходот, заради што нето приходот сте го исплатиле на друго лице, или заради пермутација и слично сте исплатиле поголем износ на примателот на приходот, до УЈП треба да поднесете Барање за враќање на повеќе или погрешно наплатен ПДД (образец УЈП-УН-3.2-39) со доказ за враќање на исплатениот приход од страна на примателот на ваша сметка.

Врз основа на доказите, службено лице од УЈП ќе изготви службена е-ППД за корекција на платената е-ППД и во корекцијата ќе го намали износот на исплатениот нето приход на лицето.

Барањето за враќање и доказите треба да ги доставите преку системот е-Персонален данок, со наведување на бројот на е-ППД по која сте извршиле пресметка и исплата на приходот на примателот и уплата на ПДД по одбивка.

## *6. ПРИХОДИ ОД ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ*

Во групата на приходи од вршење на дејност се вклучуваат самостојните вршители на дејност, трговците поединци, занаетчиите, адвокатите и физички лица кои вршат дејност од времен карактер.

Кај наведената група на даночни обврзници, оданочувањето може да се врши на два начина, врз основа на вистински приход и според паушално утврден приход.

### *6.1. Оданочување според вистински приход*

За приходите кои ги остваруваат СВД, ТП, занаетчиите, адвокатите и физички лица кои вршат дејност од времен карактер, не е пропишана обврска за поднесување на е-ППД преку системот е-Персонален данок.

За остварените приходи се поднесува само Годишен даночен биланс (ПДД-ДБ), врз основа на кој се врши оданочувањето.

Согласно одредбите од Законот за ПДД, за разликата меѓу уплатената аконтација и пресметаниот данок на доход за приходите што ќе се остварат од 2018 година и понатаму, е пропишана обврска за уплата во рок од 15 дена од денот на истекот на рокот за предавање на Годишниот даночен биланс, односно најкасно до 30.03.2019.

#### *6.1.1. Месечни аконтации и ослободувања*

Обврските за месечните аконтации на ПДД и разликата за доплата по ПДД-ДБ и понатаму продолжуваат да се плаќаат со налогот за плаќање на јавни приходи - образец ПП 50. Во полето повикување на број (задолжување) се внесува даночниот период во облик ддммгггг-ддммгггг.

При првично отпочнување на вршење самостојна дејност, месечните аконтации на персоналниот данок на доход за првата година се плаќаат на основица од 50% од просечна нето плата по работник во РМ, објавена во месец Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС.

За обврзниците за воведување и користење фискален систем на опрема, правото на намалување на пресметаниот данок за набавени до 10 фискални апарати, во висина на нивната вредност, се остварува со поднесување на барање до над-

лежната даночна канцеларија на УЈП до 20-ти Јануари наредната година, по годината за која барањето се поднесува.

Доколку даночното ослободување не се искористи до крајот на тековната година, се пренесува во наредниот период.

### *6.2. Оданочување според паушално утврден приход*

Согласно одредбите од Законот за ПДД, новорегистриран обврзник, Барањето за паушално оданочување го поднесува до надлежната даночна канцеларија на УЈП или преку системот е-Персонален данок e-pdd.ujp.gov.mk, во годината, кога отпочнува со вршење на дејност и тоа во рок од 15 дена од денот на регистрација во соодветен регистар, или пред отпочување на вршење на дејноста.

Барањето го поднесува и физичко лице кое врши дејност од времен карактер (продажба на пуканки, новогодишни честитки и слично), во рок од 15 дена пред отпочнување на вршење на дејноста.

Барањето за паушално оданочување на приходите (ПДД-Б), се поднесува и преку системот е-Персонален данок со претходна регистрација како корисник на системот.

Врз основа на поднесеното барање, УЈП ја утврдува даночната обврска за ПДД и доставува налози за плаќање (образец ПП 53) на месечните аконтации, а истите ги доставува по електронски пат и до носителите на платниот промет.

Плаќањето на секоја аконтација се врши со налогот добиен од УЈП, кој се презентира кај носителот на платен промет.

## *7. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА СОПСТВЕНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ И ТРГОВЦИ КОИ ОРГАНИЗИРААТ ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ*

### *7.1. Укината обврска за поднесување Барање за паушално оданочување на приход од земјоделска дејност*

Физичките лица кои остваруваат приходи од продажба на сопствени земјоделски производи, а не се регистрирани како самостојни вршители на дејност, немаат обврска за регистрација во УЈП како даночен обврзник кој остварува приходи од земјоделска дејност, односно немаат обврска за поднесување на об-

разец УЈП-РДО/ПЗ, ниту за поднесување на Барање за паушално оданочување на приходи од земјоделска дејност (образец ПДД-ПЗ).

Почнувајќи од 01.01.2018 година, откупувачите на земјоделски производи се должни да поднесат Електронска пресметка (е-ППД) пред исплатата на приходи кон физичките лица од кои вршат откуп на земјоделски производи.

Персоналниот данок се пресметува на износот на приходот намален за 80% признати трошоци и ќе биде одбиен од приходот за исплата на физичкото лиц,е, со што не постои повеќе обврска за плаќање на персоналнот данок врз основа на даночно решение од УЈП (како за приходите остварени до 31.12.2017 година).

### *7.2. Аконтации за паушалци на зелените пазари*

Исто така, почнувајќи од 01.01.2018 година, за приходите остварени од продажба на сопствени земјоделски производи на продажни места (тезги) на зелените пазари, УЈП ќе го утврдува паушалниот износ на приходот врз основа на податоци кои ги добива од организаторите на зелените пазари, ќе го пресметува данокот и ќе доставува решение за утврдување на аконтација на персоналниот данок.

Вака пресметаниот данок, ќе се плаќа аконтативно во текот на годината. Управата за јавни приходи ќе ја утврди даночната обврска за ПДД и ќе достави налози за плаќање (образец ПП 53) на месечните аконтации, а истите ќе ги достави по електронски пат и до носителите на платен промет.

Плаќањето на секоја аконтација ќе се врши со налогот добиен од Управата за јавни приходи, кој треба да се презентира кај носителот на платен промет, кај се води трансакциската сметка.

### *7.3. Е-ПДД за примени приходи од други физички лица за земјоделски производи*

Физичко лице кое остварува приходи од продажба на сопствени земјоделски производи, од 01.01.2018 година, задолжително поднесува Електронска пресметка (е-ППД) само за остварени приходи од продажба на сопствени земјоделски произво-

ди на други физички лица, надвор од продажни места на зелените пазари.

По поднесената пресметка е-ПДД, обврската за плаќање на ПДД, пресметан на износот на остварениот приход, намален за 80% признати трошоци, се извршува преку деловните банки. И во овој случај ПДД за остварените приходи ќе се плаќа со налогот добиен од Управата за јавни приходи, кој треба да се презентира кај носителот на платен промет кај кој се води трансакциската сметка.

### *7.4. Право на враќање на ПДД од продажба на земјоделски производи за промет под 1 милион денари*

Доколку во текот на календарската година физичкото лице остварило само приходи од продажба на сопствени земјоделски производи (од продажба на откупувачи и од продажба на други физички лица надвор од продажни места на зелени пазари), во вкупен износ кој не надминува 1.000.000 денари (вклучувајќи го и износот на приходите од продажба на лековити билки и шумски производи кои не подлежат на оданочување), а при тоа не се остварени други приходи кои подлежат на оданочување, ниту плати од работодавач кој е корисник на Технолошка индустриска развојна зона (ТИРЗ), лицето се стекнува **со право на враќање на платениот данок**, за остварените приходи од продажба на сопствени земјоделски производи.

### *7.5. Обврска за регистрирање на дејност за промет над 1 милион денари*

Физичките лица кои во текот на календарската година оствариле приходи од продажба на сопствени земјоделски производи (од продажба на откупувачи и од продажба на други физички лица надвор од продажни места на зелени пазари) во вкупен износ кој надминува 1.000.000 денари (вклучувајќи го и износот на приходите од продажба на лековити билки и шумски производи кои не подлежат на оданочување), најдоцна до 15-ти Јануари следната година, треба да се регистрираат во форма за вршење на дејност согласно со закон (трговец поединец, трговско друштво). Обврска за регистрација постои, без оглед дали

покрај приходите од земјоделска дејност, се или не се остварени и други видови приходи.

**НАПОМЕНА**: За приходите од продажба на земјоделски прозиводи кои се остварени во 2017 година се применуваат законските одредби за паушално оданочување со даночно решение од УЈП, односно до 31.01.2018 година за приходите остварени во 2017 година, се поднесуваат обрасците УЈП-РДО/ПЗ и ПДД-ПЗ до надлежната даночна канцеларија на УЈП.

### *7.6. Трговец кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало*

Трговецот кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало е должен до УЈП да доставува Извештај за корисниците на продажните места на зелените пазари, најдоцна до крајот на годината, која и претходи на годината за која се врши утврдување на данокот, како и извештај за секоја промена на корисниците на продажните места на зелените пазари, најдоцна до 10-ти во месецот кој следи по месецот за кој се однесува промената. На пример, до 31.12.2018 година треба да се достави Извештај за состојбата на корисниците на тезги, според кој Управата за јавни приходи ќе изврши оданочување на корисниците на тезги за 2019 година.

Трговецот кој организира зелен пазар е должен Извештајот ПДД-И/ЗП да го поднесе до УЈП, преку системот е-Персонален данок e-pdd.ujp.gov.mk

На истиот образец се поднесуваат и извештаите за настанатите промени на месечно ниво.

Трговецот кој организира зелен пазар треба да поднесе Извештај за оданочување за 2017 година (ПДД-И/ЗП) најдоцна до 31.01.2018 година, како и Извештај за оданочување за 2018 година преку системот е-Персонален данок e-pdd.ujp.gov.mk најдоцна до 15.01.2018 година, кој рок е предвиден како исклучок со Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок данок на доход.

Извештаите за промените на месечно ниво во 2018 година треба да се доставуваат почнувајќи со Извештај за промените во периодот 01.01-31.01.2018 година, кој треба да го достави до 10.02.2018 година.

## *8. ГРАЃАНИ КОИ ОСТВАРУВААТ ПРИХОДИ ОД ДРУГИ ФИЗИЧКИ ЛИЦА ИЛИ ПРИХОДИ ОД СТРАНСТВО*

Граѓаните кои остваруваат приходи од други физички лица или приходи од странство, имаат обврска да се регистрираат во системот е-Персонален данок.

Обврска за регистрација на системот е-Персонален данок има секое физичко лице, кое има обврска за поднесување на Електронска пресметка (е-ППД), преку системот е-Персонален данок e-pdd.ujp.gov.mk

Во системот физичките лица може да се регистрираат и доброволно, за прием на годишна даночна пријава ПДД-ГДП.

Странско физичко лице (нерезидент) се регистрира како корисник на системот со ЕДБ, доделен од УЈП.

Доколку физичкото лице е регистрирано во системот е-Даноци https://etax-fl.ujp.gov.mk како овластено лице за потпишување за ПДД, автоматски е регистрирано и како корисник на системот е-Персонален данок e-pdd.ujp.gov.mk.

Доколку до 31.12.2017 година физичкото лице е регистрирано како овластено лице за потпишување за ПДД во системот е-Даноци, УЈП автоматски ќе ја пренесе оваа регистрација и во системот е-Персонален данок.

Обврска, по најавата на системот е-Персонален данок со корисничкото име и лозинка од е-Даноци, единствено е да се преземе дигиталниот сертификат.

По 31.12.2017 година, доколку физичкото лице се регистрира на системот е-Даноци како овластено лице за потпишување за ПДД, автоматски ќе се регистрира и за користење на системот е-Персонален данок. Регистрацијата во системот е-Персонален данок ќе продолжи и во случај кога ќе помине важноста на дигиталниот сертификат.

Доколку физичкото лице не е регистрирано во системот е-Даноци https://etax-fl.ujp.gov.mk како овластено лице за потпишување за ПДД, треба да се регистрира како корисник на системот е-Персонален данок.

### *8.1. Регистрација во системот е-Даноци*

Единствен услов за регистрација на системот е физичкото лице да има е-пошта, која ќе биде корисничко име (user name) за најава на системот e-pdd.ujp.gov.mk

На најавната страна на системот е-Персонален данок постои дел за регистрација на нов корисник на системот. Со влегување во овој дел од системот, се отвора мени, во кое треба да се внесат личните идентификациони податоци.

Со првата регистрација на системот, може да се изврши пријавување и на полномошник, кој ќе се ополномошти по еден или по двата основи: за поднесување на електронска пресметка преку системот е-Персонален данок и/или за потврдување и корекција на пополнета Годишна даночна пријава.

Полномошникот може да биде само лице **кое е веќе регистриран** корисник на системот e-pdd.ujp.gov.mk

Врз основа на внесените податоци, автоматски се генерира Барањето за регистрација на системот е-Персонален данок, кое треба да се испечати и да поднесе во надлежната даночна канцеларија на УЈП, при што треба да се изврши појавување лично и да се приложи документ за идентификација или пак да се јави лично полномошникот и да приложи документ за негова идентификација и полномошно заверено на нотар.

Службено лице од УЈП ќе ја верифицира регистрацијата на системот е-Персонален данок, по што на пријавената е-пошта ќе добиете лозинка.

Ако физичкото лице или избраниот полномошник не се евидентирани како даночен обврзник во Регистарот на даночни обврзници на УЈП, потребно е претходно да се регистрира како даночен обврзник, со поднесување на Пријава за регистрација УЈП-РДО и доставување на документ за идентификација на увид, во даночна канцеларија на УЈП.

### *8.1. Поднесување е-ПДД за приходи остварени во РМ*

Електронска пресметка (е-ПДД) се поднесува за секој остварен приход од друго физичко лице во земјата и за секој остварен приход од странство

Резидент на РМ, како и странско физичко лице (нерезидент), има обврска за поднесување на Електронска пресметка (е-ППД) за секој остварен приход во РМ од други физички лица, по следните основи:

**1. Плати, други лични примања по основ на работен однос и пензии;**

Плати од ДКП-а (од дипломатско, односно конзуларно претставништво на странска држава или од претставници или службеници на такви претставништва, кои имаат дипломатски имунитет).

**7. Примања по основ на договор за повремено или привремено вршење на услуги:**

7.1 Примања по основ на извршени консултантски услуги;

7.2 Примања по основ на извршени интелектуални услуги;

7.3 Примања по основ на извршени други повремени или привремени услуги.

**8. Приходи од имот и имотни права (закупнини):**

8.1 освен од издавање на опремени станбени и деловни простории;

8.2 од издавање на опремени станбени и деловни простории;

8.3 со признавање на стварни трошоци.

**13. Други приходи:**

13.2 Други приходи.

**14. Приходи од земјоделски производи:**

14.1 Приходи од лековити билки и шумски плодови;

14.2 Приходи од други земјоделски производи.

**15. Капитална добивка:**

15.1 Капитална добивка од продажба на хартии од вредност;

15.2 Капитална добивка од продажба на недвижен имот во кој обврзникот живеел најмалку една година пред продажбата, а го продава пред истекот на 3 години од денот на стекнување на имотот;

15.3 Капитална добивка од продажба на недвижен имот во кој обврзникот не живеел најмалку една година пред продажбата и истиот го продава пред истекот на 5 години од денот на стекнувањето;

15.4 Капитална добивка од продажба на учество во капитал.

### *8.3. Е-ПДД за приходи остварени во странство*

Резидент на Република Македонија има обврска за поднесување на е-ППД, за секој остварен приход во странство, по следните основи:

**1. Плати, други лични примања по основ на работен однос и пензии:**

1.2 Плати остварени во странство;

1.3 Пензии остварени во странство;

1.4 Пензиски надоместок по основ на доброволно пензиско осигурување од странство;

1.5 Други лични примања остварени во странство.

**2. Дополнителни примања и надоместоци на трошоци на вработени лица на кои не се платени придонеси и други лични примања на невработени лица:**

2.2 Приходи кои подлежат на оданочување со ПДД – други приходи;

2.3 Приходи кои не подлежат на оданочување со ПДД.

**(3.1) Примања на членови на органи на управување и органи на надзор во трговски друштва;**

**7. Примања по основ на договор за повремено или привремено вршење на услуги:**

7.1 Примања по основ на извршени консултантски услуги;

7.2 Примања по основ на извршени интелектуални услуги;

7.3 Примања по основ на извршени други повремени или привремени услуги.

**8. Приходи од имот и имотни права (закупнини):**

8.1 освен од издавање на опремени станбени и деловни простории;

8.2 од издавање на опремени станбени и деловни простории;

8.3 со признавање на стварни трошоци.

**9. Приходи од авторски права и права на индустриска сопственост.**

(Полиња од 9.1 до 9.8) Подвидови на приходи од авторски права и права на индустриска сопственост според видовите на права утврдени со Законот за персонален данок за кои се

применуваат различни стапки на одбитоци, вклучително и со стварни трошоци.

(10.1) Дивиденди и други приходи остварени со учество во добивката

(11.1) Камати за заеми, обврзници и други хартии од вредност

**12. Добивки од игри на среќа и други наградни игри:**

12.1 Добивки од посебни игри на среќа;

12.2 Добивки од општи игри на среќа на кои се наплатува ПДД.

**13. Други приходи:**

13.2 Други приходи.

**НАПОМЕНА**: Од 01.01.2018 година, физичките лица задолжително поднесуваат Електронска пресметка (е-ППД) и за приходите остварени со електронска трговија преку специјализирани интернет страни и приходи од интернет маркетинг услуги. Остварените приходи по овој основ во е-ППД се искажуваат во вид 13 подвид 13.2.

**14. Приходи од земјоделски производи:**

14.1 Приходи од лековити билки и шумски плодови;

14.2 Приходи од други земјоделски производи.

**15. Капитална добивка:**

15.1 Капитална добивка од продажба на хартии од вредност;

15.2 Капитална добивка од продажба на недвижен имот во кој обврзникот живеел најмалку една година пред продажбата, а го продава пред истекот на 3 години од денот на стекнување на имотот;

15.3 Капитална добивка од продажба на недвижен имот во кој обврзникот не живеел најмалку една година пред продажбата и истиот го продава пред истекот на 5 години од денот на стекнувањето;

15.4 Капитална добивка од продажба на учество во капитал.

**НАПОМЕНА**: Од 01.01.2018 година не се врши оданочување и не постои обврска за поднесување на Електронска пресметка (е-ППД) за капитална добивка од продажба на недвижен имот стекнат по пат на денационализација, како и за приходите остварени со стекнување на хартии од вредност и учество во капиталот без надоместок.

За секој приход кој подлежи на оданочување остварен во земјата и во странство во текот на еден месец, Електронска пресметка (е-ППД) се поднесува најдоцна до 10-ти во следниот месец преку системот е-Персонален данок e-pdd.ujp.gov.mk.

За секој остварен приход во текот на еден календарски се поднесува посебна пресметка е-ППД.

**НАПОМЕНА**: Навремена регистрација како корисник на системот е-Персонален данок, претставува услов за да до 10-ти Февруари 2018 година се поднесе Електронска пресметка (е-ППД) за приходите од било кој вид кои ќе се остварат од други физички лица во земјата или од странство во текот на месец Јануари 2018 година. На пример, при постоење тековен договор за издавање на имот или имотно право под закуп на друго физичко лице, врз основа на кој се остварува приход од закупнина во 2018 година, првата пресметка е-ППД треба да се поднесе до 10.02.2018 година, преку системот e-pdd.ujp.gov.mk

### *8.4. Начин на пополнување на Електронска пресметка (е-ППД) за остварените приходи*

Со најавата, идентификационите податоци ќе се појават автоматски.

Задолжително се пополнува периодот, односно "датум од" и "датум до".

**НАПОМЕНА**: Освен за подвид на приход 1.1 Плати остварени во ДКП-а, за другите видови и подвидови на приходи периодот секогаш треба да биде календарскиот месец во кој е остварен приходот, односно првиот и последниот датум во месецот.

Избор на РМ како земја во која е резидент исплатувачот на приходот, се врши доколку приходот е остварен во земјата, односно се избира од понуденото мени, земјата во која е резидент исплатувачот, за приходот остварен во странство.

Се врши избор на видот и подвидот на остварениот приход. Системот нема да овозможи внес на вид и подвид на приход за кој персоналниот данок се плаќа само по одбивка.

**НАПОМЕНА**: Видовите приходи 8 (закупнини) и 15 (капитална добивка) и поврзаните подвидови приходи нема да се појават преку соодветните менија, од причина што за овие видови приходи има специфичности за изготвувањето и поднесување на е-ППД.

Не се одбира начин на исплата на приходот, затоа што не сте исплатувач.

Во полето "Датум на исплата" задолжително се внесува датумот на остварување на приходот.

Се внесува износот на остварениот приход.

**НАПОМЕНА**: За определени видови/подвидови приходи во пресметката е-ППД, треба да се внесат и дополнителни податоци.

### *8.5. Специфичности за видови приходи*

#### *8.5.1. Плати од Дипломатско конзуларни претставништва (ДКП)*

Специфичности при пополнување на Електронската пресметка (е-ППД) за видовите на остварени приходи, постојат кај одделни видови приходи.

Специфичностите за е-ПДД во делот на платите се јавува кај плати остварени од ДКП-а (дипломатски конзуларни претставништва на странски држави или кај претставници или службеници на такви претставништва).

Лице вработено во ДКП на странска држава или кај претставници или службеници на такви претставништва, кои имаат дипломатски имунитет, а исплатувачот при исплатата на плата не врши пресметување и плаќање по одбивка на ПДД на плати, има обврска до 10-ти во месецот да поднесе пресметка е-ПДД за вид на приход 1, подвид за плата примена од исплатувачот во претходниот месец.

Задолжително се пополнува го периодот за кој се однесува платата, односно податоците "датум од" и "датум до", така што доколку работниот однос кај исплатувачот започнал и/или завршил во текот на месецот за кој се однесува е-ППД, овие податоци треба да бидат датумите на започнување и/или завршување на работниот однос. Доколку во текот на месецот за кој се однесува е-ППД не настанал почеток и/или крај на работен однос кај исплатувачот, тогаш се внесува и првиот и последниот датум од календарскиот месец. Во "датум на исплата" се внесува датумот кога исплатувачот ја исплатил платата.

Како дополнителни податоци во е-ППД се внесуваат и: месецот за кој се однесува исплатената плата, ЕДБ и назив на исплатувачот.

Во е-ППД се внесува износот на остварениот приход добиен од исплатувачот, без износот на придонесите од задолжително социјално осигурување, чие плаќање е на товар на исплатувачот.

Според внесените податоци, системот автоматски ќе го пресмета месечното лично ослободување сведено за периодот на времетраење на работниот однос кај исплатувачот (од "датум од" до "датум до"). Овој износ ќе се прикаже во полето "Износ кој не подлежи на оданочување" и за овој износ автоматски ќе се намали остварениот приход при пресметувањето на даночната основа и на ПДД.

### *8.5.2. Приходи остварени во странство*

При остварени приходи од странство, останува обврската до 10-ти во месецот да поднесете е-ПДД за приходот остварен претходниот месец. При пополнувањето на податоците во е-ППД, прво се избера земјата во која е резидент исплатувачот (земјата во која е остварен приходот), а потоа системот во менито "Вид на приход" и "Подвид на приход" ќе ги понуди видовите и подвидови на приходи за кои е дозволено да се поднесе е-ППД (вклучително и видови/подвидови приходи за кои, доколку се остварени во земјата, не е дозволено да се поднесе е-ППД, затоа што тоа е обврска на исплатувачот од земјата).

Во пресметката е-ППД за приходи остварени во странство, се внесуваат дополнителни податоци за: датум на прилив од странство, износ на остварениот приход во странска валута, валута во која е исплатен приходот се врши избор од понудено мени, износ на данокот платен во странската држава (во странска валута) и датум на уплата на данокот во странската држава.

Врз основа на внесените податоци, системот автоматски го пресметува остварениот приход во денари (по среден курс на датумот кога е остварен приходот од странство) и износот на данокот платен во странска држав,а изразен во денари, по среден курс на датумот на уплата во странската држава.

Кон пресметката е-ППД за приходот остварен во странство, задолжително се прикачуваат докази за: видот на остварениот приход и за платениот данок во странската држава (доказ издаден од даночниот орган во странската држава), а може да се прикачат и други (незадолжителни) докази.

Пресметка е-ППД за приход остварен во странската држава секогаш треба да ја провери и одобри службено лице од УЈП.

**НАПОМЕНА**: Доколку службено лице од УЈП, утврди дека е валиден доказот за данокот платен во странската држава, пресметаниот данок ќе се намали за износот на данокот платен во странската држава, но најмногу до износот што треба да се плати во Република Македонија по законската стапка (10%).

Доколку при поднесување на пресметката е-ППД за приходот остварен во странство лицето не располага со доказ за данокот платен во странската држава, по обезбедување на доказот преку системот е-Персонален данок e-pdd.ujp.gov.mk се поднесува Барање за враќање на повеќе или погрешно наплатен ПДД, наведувајќи го бројот на е-ППД, по која е извршено плаќање на персоналниот данок.

### *8.5.3. Приходи од имот и имотни права(закупнини) од издавање во закуп/подзакуп на друго физичко лице*

Доколку континуирано до крајот на календарската година се остварува приход од закупнина од издавање на имот или имотно право во закуп/подзакуп на друго физичко лице, настанува обврска за поднесување пресметка е-ПДД до 10-ти во месецот кој следи по месецот, во кој е склучен договорот за закуп.

Пријавувањето на податоците за остварениот приход се врши само на ниво на календарска година.

На пример, склучен договор за закуп на 15.04.2018 година, за закуп за периодот од 01.05.2018 година до 31.12.2019 година. Најдоцна до 10.05.2018 година задолжително се поднесува е-ППД за периодот 01.05-31.12.2018 година, а потоа најдоцна до 10.02.2019 година треба да поднесете е-ППД за периодот 01.01-31.12.2019 година.

Доколку се остварува приход од закупнина од издавање на имот или имотно право во закуп/подзакуп на друго физичко лице, со времетраење на закупот помалку од 30/31 дена во текот на еден месец, настанува обврска за поднесување пресметка е-ПДД до 10-ти во месецот, кој следи после месецот на издавање во закуп/подзакуп.

При поднесување на е-ППД за приходи од закупнини, се класифицира делот "Закупнини" и се внесуваат: податоци за закуподавецот/сопственикот, податоци за закупецот, податоци за имотото/имотното право и податоци за приходите (месечен износ).

Се избира "Пријава на имот" доколку поднесувате прв пат податоци за остварениот приход, или "Замена на пријава" доколку вршите промена на претходно пријавените податоци.

Доколку кај вид на недвижен имот се избере "стварни трошоци" (што значи дека одбитоците при пресметувањето на ПДД треба да се пресметаат според стварните трошоци, а не според признати трошоци), тогаш треба да се внесе и износот на стварните трошоци.

Задолжително се означува и начинот на наплата на закупнината: месечно или еднократно.

Се прикачуваат задолжителните докази: договорот за закуп, како и доказот за стварните трошоци доколку е избран таков вид, а може да се прикачат и други (незадолжителни) докази.

Врз основа на внесените податоци, автоматски ќе се креира е-ППД за остварениот приход од закупнина. Износот на стварните трошоци (доколку е внесен за издавање на недвижен имот во закуп), во е-ППД, ќе се прикаже во полето "Износ кој не подлежи на оданочување" и ќе се одбие од износот на остварениот приход, при пресметување на даночната основа за ПДД.

8.5.3.1. Промени во пријавените податоци

Доколку сте пријавиле континуирано остварување на приход од закупнина, а подоцна дошло до некаква промена на пријавените податоци, треба да поднесете "Замена на пријава" наведувајќи го бројот на претходната е-ППД.

е-ППД за остварен приход од закупнина, секогаш треба да ја провери и одобри службено лице од УЈП.

### *8.5.4. Приходи од капитална добивка*

Кај остварени капитални добивки од продажба на учество во капитал (удел), се поднесува пресметка е-ППД до 10-ти во месецот кој следи после месецот, во кој е извршена продажбата. За остварена капитална добивка од продажба на недвижност,

задолжително се поднесува е-ППД до 10-ти во месецот кој следи после месецот во кој е заверен договорот за купопродажба.

Во 2018 година не постои обврска за поднесување на е-ППД за остварена капитална добивка од продажба на хартии од вредност.

При поднесување на е-ППД за остварена капитална добивка, со избор на делот "Капитални добивки" се внесуваат податоците за подносителот и податоците за недвижноста, односно уделот.

Притоа се прикачуваат задолжителните докази: документ за стекнување, документ за отуѓување, како и доказ за платен данок на промет на недвижности доколку се внесува износ на платен данок на промет на недвижности, (за капитална добивка од продажба на недвижен имот), а се прикачуваат и други (незадолжителни) докази.

Врз основа на сите внесени податоци, автоматски се креира е-ППД за остварениот приход од закупнина. Износот на платениот данок на промет на недвижности (доколку е внесен за капитална добивка од продажба на недвижен имот) во е-ППД ќе се прикаже во полето "Износ кој не подлежи на оданочување" и ќе се одбие од износот на остварениот приход при пресметување на даночната основа за ПДД.

Е-ППД за остварен приход остварен од закупнина секогаш треба да ја провери и одобри службено лице од УЈП.

### *8.6. Пресметка на даночната основа и данок за уплата*

По внес на сите податоци за остварениот приход, се затвора Електронската пресметка е-ППД.

Системот автоматски ќе ја пресмета даночна основа и персоналниот данок на доход, имајќи ги во предвид законски пропишаните одбитоци (признати трошоци) за избраниот вид и подвид на приход или износот кој не подлежи на оданочување, за соодветниот вид/подвид на приход.

#### *8.6.1. Потврдување и потпишување на Електронска пресметка (е-ППД) од граѓанин*

Доколку е-ППД е внесена коректно, истата се потврдува и потпишува со еднократен ПИНКОД, кој се добива на личната е-пошта.

Системот ќе прикаже грешка со зацрвенување на секоја ставка во која има непотполни податоци или без задолжителни докази. Во таков случај, не може да се потврди и потпише Електронската пресметка (е-ППД), која е внесена со грешки.

### *8.6.2. Постапка на одобрување на Електронската пресметка (е-ППД) од страна на УЈП*

За одобрената пресметка е-ППД на личната е-пошта се добива известување, а преку системот е-Персонален данок е-pdd.ujp.gov.mk може да се пристапи до Рекапитулација за утврдување на аконтација на данокот на доход, која содржи Спецификација на пресметаниот бруто износ, одбитоци, аконтација на ПДД и нето износ за остварениот приход.

За приходи од имот и имотни права и за остварена капитална добивка, како и за приходи остварени во странство, секогаш службено лице од УЈП, ја проверува Електронската пресметка (е-ППД).

Доколку службено лице од УЈП утврди поинаква фактичка состојба во врска со остварениот приход, тогаш службеното лице од УЈП нема да ја прифати пресметката е-ППД, но ќе изготви службена е-ППД.

Преку системот е-Персонален данок се испорачува Рекапитулацијата и збирниот налог за плаќање, генерирани по службената е-ППД од УЈП, како и Решение за одбивање на пресметка и утврдување на аконтација на данок.

### ***8.7. Налози за плаќање на персонален данок***

Доколку физичкото лице остварува приходи од имот и имотни права, по договор кој има континуирано траење, а плаќањето на закупнината е месечно, како составен дел на Рекапитулацијата се испорачуваат генерирани налози ПП 53 за плаќање на месечни аконтации на персоналниот данок.

При промена на пријавените податоци за закупот, доколку дошло до прекинување на закупот, врз основа на корекцијата на е-ППД, ќе се елиминираат неплатените налози за месечни аконтации на ПДД, а доколку се платени месечните аконтации на ПДД и за месеците за кои е прекинат договорот за закуп, во Рекапитулацијата по корекцијата на е-ППД ќе се прикаже износ на повеќе платен персонален данок.

За повеќе платениот ПДД лицето има право на враќање, со поднесување на Барање за враќање на повеќе/погрешно наплатен ПДД, преку системот е-Персонален данок e-pdd.ujp.gov.mk

Доколку приходот од закупнина е остварен за закуп со времетраење пократко од 30/31 ден во текот на еден календарски месец или доколку договорот закуп има континуирано траење, но исплатата на закупнината е извршена еднократно, тогаш се генерира еден налог за плаќање – образец ПП 53, за износот на персонален данок.

За сите останати видови на приходи, како составен дел на Рекапитулацијата се генерира еден налог за плаќање – образец ПП 53, за износот на ПДД.

Во збирниот налог за плаќање, не влегува износот на остварениот приход, туку само износот на персонален данок.

Истовремено, УЈП по електронски пат ќе достави до носителите на платен промет, поединечен налог за плаќање за износот на ПДД за уплата, на соодветна уплатна сметка и општина.

Законски пропишаниот рок за плаќање, на персоналниот данок е до 15-ти во месецот, за приход остварен претходниот месец.

На износот на данокот што не е платен во законски пропишаниот рок, се пресметува и наплатува камата од 0,03% за секој ден задоцнување.

Кога УЈП ја одбила пресметката е-ППД и изготвила службена пресметка е-ППД со Решение за одбивање на пресметка и утврдување на аконтација на данок, рокот за доброволно плаќање по решението од УЈП е 15 дена од денот на доставување на решението.

### *8.8. Исправка на Електронска пресметка (е-ППД)*

Корекција на пресметка е-ППД, која претходно е разгледана и одобрена од службено лице од УЈП, неможе да се поднесе.

За видовите на приходи за кои вашата пресметка е-ППД не ја одобрува службено лице од УЈП, било каква корекција на вашата пресметка е-ППД, може да направите сé додека не е платена.

Ако после плаќањето на персоналниот данок се утврдиле грешки во податоците во пресметката е-ППД, може да се изврши корекција само на видот/подвидот на остварениот приход.

Доколку треба да се изврши корекција на износот на остварениот приход, задолжително треба да се обратите до службено лице во УЈП, со поднесување на соодветни докази, односно не е дозволена корекција (намалување) на износот на остварениот приход во пресметката е-ППД, по која е платен персоналниот данок.

### *8.9. Издавање на пополнета Годишна даночна пријава од УЈП*

Врз основа на сите податоци за исплатените приходи од страна на исплатувачите и за приходите кои остварени од други физички лица и од странство, како и за приходите од вршење дејност кои се оданочуваат според вистински доход и паушално и за исплатената плата во текот на календарската година, најдоцна до 30 април следната година, УЈП ќе изготви и ќе достави пополнета Годишна даночна пријава, која може да се преземе и од системот е-Персонален данок по претходна регистрација на истиот.

Обврска е истата да се потврди или да се корегира најдоцна до 31 мај.

**НАПОМЕНА**: За приходите кои граѓанинот ги остварил во 2017 година, има обрска да поднесе Годишна даночна пријава (ПДД-ГДП) до 15.03.2018 година, до надлежната даночна канцеларија на УЈП или преку системот е-Даноци.

# *НЕСТОПАНСТВО*

***дипл.економист: Јулија Минковска***

# ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2018 ГОДИНА

*Извршувањето на Буџетот на Република Македонија за 2018 година е објавен во („Службен весник на РМ" 196/2017), а се применува од 01.01.2018 година.*

## *ВОВЕД*

Буџетските корисници и единките корисници се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно.

Буџетските корисници, кои во својот состав имаат единки корисници, се должни да го контролираат наменското и законитото користење на средства, со кои располагаат единките корисници.

Буџетските корисници кои во својот состав имаат единки корисници должни се да го контролираат наменското и законитото користење на средствата со кои располагаат единките корисници, и не смеат да преземаат обврски или да направат расходи над лимитот на одобрените средства со буџетот.

Техниката на наплата на приходите, плаќањето на расходите и управувањето со ликвидноста и долговите, ги пропишува министерот за финансии.

## *1. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ*

Согласно член 6 од Законот за Извршување на Буџетот (**во продолжение Законот**), буџетските корисници од Централ-ната власт, **можат да ги користат средствата само доколку во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот**, до трезорот при Министерството за финансии, достават Годишен финансиски план по квартали, за користење на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки (опфаени во про-грамите).

Буџетските корисници од Централната власт, кои во својот состав имаат единки корисници, должни се до секоја единка корисник**, во рок од пет ден**а од денот на донесувањето на Буџетот, да достават **Извадок од годишниот финансиски план** по сметки, програми, потпрограми и ставки, во кој се содр-жани средствата, наменети за одделните единки корисници.

### *1.1. Изработка на финансиски план*

***Врз основа на извадокот од годишниот финансиски план, единките корисници изготвуваат свој финансиски план*** по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки, кои имаат обврска да го достават до надлежното министерство, а надлежното министерство консолидираниот финансиски план, го доставува до Министерството за финансии, **во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот.**

Во текот на годината, буџетските корисници од Централната власт**, можат да достават барање за измена на годишниот финансиски план по квартали**, за користењето на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки, само доколку се работи за расходи, кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото потребно е да се доставаат образложение и ревидиран годишен финансиски план по квартали.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници од Централната власт, изготвуваат предлог на финансиски план за даден квартал, по месеци, по сметки, програми, потпрограми и по ставки, кој го доставуваат до Трезорот при Министерството за финансии, најдоцна **пет дена** пред почетокот на кварталот, за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Буџетските корисници на Централната власт, кои во својот состав имаат единки корисници се должни до Трезорот при Министерството за финансии, ***да доставаат и збирен квартален план по месеци по сметки, програми, потпрограми и ставки за своите единки корисници.***

Во текот на дадениот квартал, буџетските корисници од Централната власт можат да достават **Барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, по сметки, програми, потпрограми и ставки**, во рамки на износите одобрени за дадениот квартал.

Средствата од Основниот буџет во Раздел **090.02 – Министерство за финансии – функција на државата, се корис-тат без одобрување на финансиски план.**

Во случај кога Владата на Република Македонија, односно министерот за финансии, во рамките на законските овластувања, одобрува средства од раздел **090.02- Министерство за финансии – Функции на државата на друг буџетски корисник,** средства се одобруваат како финансиски план (право на трошење), во разделот на буџетскиот корисник.

## *2. РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ*

### *2.1. Исплата на плати*

Согласно член 7 од Законот исплатата на плати на буџетските корисници од централната власт и единките корисници, **ја контролира и одобрува Министерството за финансии.**

Буџетските корисници од централната власт и единките корисници, се задолжени два дена пред исплатата на плати до Министерството за финансии, **да доставаат барање за одобрување на средства за плати, кон кое ќе ги приложат Образец Ф-1 за бројот на вработените,** по име и презиме, бруто и нето плата и други податоци предвидени во образецот во пишана и електронска верзија ***(на ЦД, електронска пошта и друго***), како и Декларација за прием од Управата за јавни приходи, за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Во случај на нови вработувања, буџетските корисници од централната власт и единките корисници се должни да

достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат **Образец М-1.**

*2.2. Надоместоци од плата*

Во Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2018 година, **предвидени се следните надоместоци од плата и тоа:**

1. **Надоместок за одвоен животч**
2. **Надоместок за закупнина на стан, во случај да не користи службен стан;**
3. **Надоместок за селидбени трошоци;**
4. **Надоместок во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци;**
5. **Надоместок за испратнина при заминување на работник во пензија;**
6. **Надоместок во случај на смрт на вработен или член на семејство.**

***НАПОМЕНА:*** **Овие надоместоци се исплаќаат од одоб-рените средства со Буџетот и Буџетските корисници.**

Во Законот за извршување на Буџетот за 2018 година, **не е предвидено да се исплатува :**

1. **Дневници за службени патувања во земјата,**
2. **Надомест за теренски додаток;**
3. **Надомест за регрес за годишен одмор;**
4. **Надомест за јубилејни награди;**
5. **Надомест за користење на сопствено возило за службени цели.**

**НАПОМЕНА: Во јуни 2010 година Владата на Република Македонија, донесе 10 антикризни мерки, а една од нив беше и мерката за укинување на дневницата за службено патување во земјата, која се уште се применува.**

*2.2.1. Надоместок за одвоен живот*

Согласно член 8 од Законот на избраните и именувани функционери кај буџетските корисници и единките корисници од денот на нивното именување, заклучно со денот на нивното разрешување, *им следува надоместок на трошоци за одвоен*

*живот од семејството* ***во висина од 30% од просечната месечна нето плата, исплатена во Република Македонија во претходните три месеца.***

Одвоен живот од семејството се смета кога лицата, кои имаат семејство за издржување, засноваат работен однос во орган на управата надвор од нивното живеалиште, а во местото каде што е седиштето на органот во кој имаат засновано работен однос не живеат со нивното семејство.

***Надоместокот за одвоен живот не им припаѓа на лицата, доколку местото на живеење е оддалечено помалку од 100 километри од местото на работење.***

На избраните и именуваните функционери кај буџетските корисници од централната власт и единките корисници кои користат надоместок за одвоен живот од семејството, не им следува надоместок за трошоците за превоз, заради посета на потесното семејство.

### *2.2.2. Надоместок за користење на службен стан*

Согласно член 9 од Законот, на лицата на кои им следува правото на користење на службен стан согласно со закон, доколку истиот не може да им биде обезбеден**, имаат право на надоместок за закупнина на стан**. Владата на Репуб-лика Македонија со Одлука ќе ја определи висината на надо-местокот за закупнина на стан.

**Надоместокот на трошоците за одвоен живот и надоместокот за закупнина на стан, меѓусебно се исклучуваат.**

Одредби за надоместок за одвоен живот и користење на службен стан се применуваат и на лицата на служба во Армијата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи, на кои им следуваат овие права согласно со закон.

***НАПОМЕНА:*** **За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор и отсуство од работа, по која било друга основа надоместокот за одвоен живот не се исплатува.**

### *2.2.3 Надоместок за селидбени трошоци*

Согласно член 12 од Законот, надоместокот за селидбени трошоци, на лица на кои им следува право на користење на службен стан, се исплатува во висина на вистинските трошоци за превоз на покуќнината.

**Надоместокот за селидбени трошоци не следува, доколку на вработениот му се исплатува надоместок за одвоен живот.**

### *2.2.4. Надоместок за непрекинато боледување*

Согласно член 13 од Законот, во случај на непрекинато боледување **подолго од шест месеци**, на вработениот му се исплатува еднократна парична помош ***во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот, каде што е вработен.***

### *2.2.5 Надоместок за заминување на работник во пензија*

Согласно член 14 од Законот, во случај на **заминување на работникот во пензија** му се исплатува **двократен износ** за отпремнина, пресметан врз основа на **просечната месечна нето плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата.**

### *2.2.6. Надоместок во случај на смрет на работник или член на семејство*

***Согласно член 15 од Законот, во случај на смрт на вработениот*** на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од о***д 30.000,00 денари***.

***Во случај на смрт на член од потесното семејство*** на вработениот (***родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржу-вање***), доколку живеел во заедница му припаѓа парична помош во висина од ***од 15.000,00 денари.***

Живеењето во заедница подразбира вработениот и членот на потесното семејство, да се со место на живеење на иста адреса, што се докажува со документ за идентификација ***(лична карта или пасош).***

Овие надоместоци се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настанување на смртта, односно во годината, која следи по годината на настанување на смртта.

**За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања**, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

Буџетските корисници сите претходно наведени права, ги исплаќаат од одобрените средства со Буџетот.

### *2.2.7 Законски одредби за остварувањето на правото на надоместоците од плата*

Правото на остварување на надоместоците од плата поврзани со работа покрај што е регулирано со Законот за Извршување на Буџетот, кај вработените во Јавниот сектор е регулирано и во повеке законски прописи, **кои пропишуваат различни видови на надоместоци кои во одделни законски прописи не се спомнати. или се укинати.**

Независно што одделни законски решенија предвидуваат повеќе видови надоместоци, сепак треба да се има предвид **содржината на одобрениот буџет на буџетскиот корисник, дали во истиот се планирани и одобрени таков вид на исплати.**

При планирањето и исплатата на надоместоците поврзани со работата, се поставува прашањето дали тие се предвидени со законската регулатива и дали се планирани при формирање на Буџетот на буџетскиот корисник.

**Правото на остварување на надоместоците од плата е регулирано согласно следните законски прописи и тоа:**

| Вид надоместок | Закон за извршување на Буџетот | Закон за Работни односи | Закон за административни службеници | Општ колек. Договор за Јавен сектор |
|---|---|---|---|---|
| Одвоен живот | Предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |
| Користење на службен стан | Предвиден | Не е предвиден | Не е предвиден | Не е предвиден |
| Селидбени Трошоци | Предвиден | Не е предвиден | Предвиден | Предвиден |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Непрекинато боледување подолго од 6 месеци | Предвиден | Не е предвиден. | Предвиден | Предвиден |
| Парична помош за смрт на вработен | Предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |
| Помош за смрт на член на семејство | Предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |
| Надомест за користење на сопствено возило за службени цели | Не е предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |
| Работа на терен | Не е предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |
| Отпремнина за пензија | Предвиден | Предвиден | Не е предвиден. | Предвиден |
| Јубилејни награди | Не е предвиден | Предвиден | Не е предвиден. | Предвиден |
| Надомест за штети од елементарни непогоди | Не е предвиден. | Не е предвиден. | Предвиден | Не е предвиден |
| Дневници во земјата и странство | Не е предвиден | Предвиден | Предвиден | Предвиден |

### *2.3. Вработување нови работници на определено време*

Согласно член 17 од Законот, буџетските корисници и единките корисници на средствата од Буџетот на Република Македонија, јавните претпријатија, агенциите и јавно–правните субјекти основани од централната власт, како и трговските друштва основани од Република Македонија, освен независните регулаторни тела со јавни овластувања утврдени со закон, можат да вработуваат работници на определено време, на неопределено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања, за вршење на привремени работи само под услов ако за тоа се обезбедени финансиски средства во Буџетот на Република Македонија, односно во финансиските планови за тековната фискална година.

Министерството за финансии во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето за вработување на нови работници, писмено ги известува субјектите за обезбедените финансиски средства, за бараните вработувања.

## *3. ПРОГРАМА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА*

Во согласност со член 46 од Законот, буџетските корисниците кои се обврзани да **изготват Програми за користење на средства од Буџетот**, должни се до Владата на Република Македонија да ги достават истите **во рок од 30 дена,** од денот на објавувањето на Буџетот во "Службен весник на РМ".

Владата на Република Македонија е должна да ги донесе програмите **во рок од 30 дена,** од денот на доставувањето од страна на корисниците на Буџетот.

Буџетските корисници до Министерството за финансии **доставуваат полугодишен и годишен извештај** за реализација на програмите, најдоцна еден месец по завршување на извеш-тајниот период.

### *3.1. Поврат на приходи на Буџетот*

Согласно член 47 од Законот, поврат на приходи кои му припаѓаат на Буџетот, се врши во случај кога се работи за погрешно, повеќе уплатени, односно наплатени приходи, како и за уплатени приходи, по кои не е настанато правно дејство.

Пренасочувањето на приходи кои му припаѓаат на Буџетот, се врши единствено кога се работи за погрешно уплатени приходи.

Повратот, односно пренасочувањето на приходите на Буџетот, освен приходите на Управата за јавни приходи и приходите на царинската управа, **се врши со решение на министерот за финансии.**

По исклучок, за грешки настанати при вршење на платен промет, **повратот**, односно пренасочувањето со налог го врши Трезорот, по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

### *3.2. Поврат на приходи на Управа за јавни приходи*

Поврат, односно пренасочување на приходите за кои е надлежна Управата за јавни приходи, се врши со решение на директорот на Управата за јавни приходи.

По исклучок, за грешки настанати при вршење на платен промет, повратот, односно пренасочувањето со налог го врши Управата за јавни приходи, по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

### *3.3. Поврат на приходи на Царинската управа*

Поврат, односно пренасочување на приходите за кои е надлежна Царинската управа, се врши со решение на директорот на Царинската управа.

По исклучок, за грешки настанати при вршење на платен промет, повратот, односно пренасочувањето со налог го врши Царинската управа, по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

### *3.4. Поврат на приходи на органи на државна власт*

Поврат, односно пренасочување на приходи кои со својата дејнсот ги остваруваат органите на државната управа на посебните сметки, се врши со решение на функционерот кој раководи со органот.

По исклучок, за грешки настанати при вршење на платен промет, повратот, односно пренасочувањето со налог го вршат органите на државната управа по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

Начинот на постапување при извршувањето на повратот, односно пренасочувањето од овој член го пропишува министерот за финансии.

**Рокот за завршување** на постапката за поврат, односно пренасочување на приходите, **не може да биде подолг од 60** дена од денот на приемот на барањето за поврат, односно пренасочување на приходите.

***НАПОМЕНА:* Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во органот, ако во утврдениот рок, не донесе Решение по**

**подне-сено барање за поврат, односно пренасочување на приходите.**

**Правото на поврат, односно пренасочување** на приходите **застаруваат во рок од пет години,** од денот кога истите се уплатени, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

### *4. ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТИТЕ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ ОД ДОНАЦИИ И ЗАЕМИ*

Согласно член 53 од Законот, приходите остварени од самофинансирачки активности, од донации и заеми, буџетските корисници од централната власт, можат да ги користат за намените и во висина на износите, утврдени со Буџетот врз основа на годишен финансиски план по квартали, по сметки, по програми, потпрограми и ставки и истиот е потребно да се достави до министерството за финансии ***во рок од 25 дена од донесувањето на Буџетот***.

Буџетските корисници од централната власт кои во својот состав имаат единки корисници се должни до секоја единка корисник, **во рок од пет дена** од денот на донесувањето на Буџетот, ***да доставаат извод од годишниот финансиски план*** по квартали, по сметки, по програми, потпрограми и ставки, во кој се содржани средствата наменети за одделните единки корисници.

Врз основа на изводот, единките корисници **изготвуваат свој финансиски план по квартали по сметки, по програми, потпрограми и ставки**, кои имаат обврска да го доставаат до надлежното министерство и до Министерството за финансии **во рок од 25 дена** од денот на донесувањето на Буџетот.

Во текот на годината буџетските корисници од централната власт можат да доставаат барање за измена на годишниот финансиски план по квартали, за користењето на средствата по сметки, по програми, потпрограми и ставки, само доколку се работи за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото е потребно буџетските корис-

